# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 април 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Вангел Симев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата присуствуваат 81 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски, Шефот на Делегацијата на Европската комисија за Република Македонија и шефовите на странски дипломатски конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Оваа седница на Собранието ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Заедница и нивните земји членки, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нејзините земји членки.

Молам, претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Му давам збор на господинот Срѓан Керим, министер за надворешни работи.

**СРЃАН КЕРИМ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван премиеру, полноправно членство на Република Македонија во Европската Унија е една од дефинираните надворешно - политички цели на Република Македонија, бидејќи интеграцијата во Европската Унија има позитивно влијание за зајакнување на политичката стабилност и безбедност како и унапредувањето на економскиот и општествениот развој, вклучувајќи создавање правилен и стабилен поредок и ефикасен пазарен развој на државата.

Токму затоа, неодложен интерес за Република Македонија е започнување формалниот процес на интеграција со ЕУ врз основа на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нејзините земји членки, склучен на 9 април 2001 година во Луксембург. Од овие причини се јавува неодложна потреба за што поскора имплементација на оваа спогодба во законодавството на Република Македонија.

Исто така, би сакал да напомнам дека има најава од страна на Европскиот Парламент за ратификација на Спогодбата на 2 мај 2001 година.

За таа цел, Владата, согласно членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, според кој Владата на Република Македонија предлага закони на Собранието, Буџет и други прописи што ги донесува Собранието, како и членовите 344 и 345 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија - предлага донесување на закон по итна постапка за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нејзините земји членки, со Предлог на закон. Уставниот основ за донесување на законот што се предлага е содржан во член 68 алинеја 6 од Уставот на Република Македонија, според кој Собранието на Република Македонија со закон ги ратификува меѓународните договори на Република Македонија.

За Спогодбата за остане составен дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија, согласно членот 118 од Уставот на Република Македонија, потребно е истата да се ратификува од страна на Собранието на Република Македонија, што е услов за нејзино стапување во сила, согласно членот 127 став 1 од Спогодбата.

За таа цел се предлага да се донесе овој закон за ратификација по итна постапка.

Завршувајќи, би сакал исто така да го поздравам и присуството, со најголемо задоволство, на претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 89 пратеници кои гласале, 89 гласале за, никој не гласал воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ве молам, уште еден глас за, тоа е мојот глас, не е евидентиран бидејќи картицата не ми е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, 90 гласови за. Картицата не му вреди.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предлагаат да се разгледаат на оваа седница, предлагам на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Со картички гласале 91 пратеник, а господинот Амди Бајрам, кому не му работи картицата, со него сме 92.

Значи, 92 пратеници гласале за, ниту еден пратеник не гласал воздржано и ниту еден пратеник не гласал против.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниов Дневен ред:

- Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нејзините земји членки.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

93 пратеници гласале за, господинот Амди Бајрам значи 94, морам точно да го утврдам бројот на оние кои гласале, а сега нема картица, ќе има после, подгответе му картица да може да гласа.

Значи, 94 пратеници гласале за, ниту еден пратеник не гласал воздржано, ниту еден пратеник не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката од дневниот ред Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нејзините земји членки.

Предлогот на законот и Извештајот од заедничката седница на Комисијата за европски и евроатлантски интеграции и Комисијата за надворешна политика и на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави претседателот на Владата на Република Македонија господин Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на државата, почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници, почитувани министри, ваши екселенции, амбасадори,

На 9 април 2001 година во Луксембург, пред само три дена се случи историски момент за Република Македонија како држава и сите граѓани кои живеат во неа. Европа, со исклучителна организација и висока почит покажа колку, навистина, Република Македонија е значајна за натамошниот развој на Европската Унија и остварувањето на стратешката цел - обединета Европа, со единствена политичка, безбедносна, економска и социјална рамка - Дом за сите европјани.

Денеска, 12 април 2001 година, во највисокиот законодавен дом, Собранието на Република Македонија, на оваа свечена седница, со Ратификација на Спогодбата за стабилизирање и асоцирање помеѓу Европската Заедница и нејзините земји членки и Република Македонија, го заокружуваме овој историски процес што ја детерминира, јасно и недвосмислено, иднината на нашата земја, иднината што сите ние консензуално ја одбравме.

Јас сум сигурен дека го одбравме вистинскиот пат и дека Република Македонија, во времето што доаѓа, ќе го ангажира целокупниот свој потенцијал и максимално рационално ќе ги искористи сите ресурси што се на располагање, вклучително и големата помош што доаѓа од ЕУ и нејзините земји членки за да ги забрза реформите и да го скрати патот до полноправно членство во ЕУ.

Доколку постоеја и најмали скриени дилеми околу перспективите за членство на Република Македонија во ЕУ, дозволете ми да ја цитирам министерката за надворешни работи на Шведска, Ана Линт која, како

претседавач на ЕУ во понеделникот во Луксембург изјави:

"Добредојдовте во проширеното европско семејство".

Истото го повтори и господинот Хавиер Солана, Високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика на Европа, кој нагласи дека иднината на граѓаните на Република Македонија е во Европа и затоа треба да се вложат сите напори за политичка и економска интеграција во Европската Унија.

Додека Комесарот за надворешни односи во Европската комисија, Кристофер Патен оцени дека се работи за историски чин за Република Македонија, но исто така за историски чин и за самата Европска Унија.

Овие изјави се само потврда на конзистентната политика на ЕУ кон Република Македонија и отворената поддршка и помош што нашата земја ја добива и ќе ја добива за што побрзо интегрирање во ЕУ.

Интегрирањето на нашата земја во Европската Унија претставува јасно и недвосмислен изразен стратешки интерес и приоритет на цел во политиката на Владата на Република Македонија во изминатите 10 години, од осамостојувањето и во најтешките моменти со кои се соочуваше нашата земја овој стратешки интерес и оваа цел никогаш не беа доведени во прашање. Напротив, континуирано, низ сите собраниски состави и низ сите влади постојано се работеше на таа цел. Денес, може да кажеме дека, сите заедно, успеавме да ја отвориме вратата на Европската Унија за влез на Република Македонија во семејството на европските нации.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација е последниот стадиум пред приемот на Република Македонија во семејството на развиените европски демократии. Таа, како дел од процесот за стабилизација и асоцијација, отворен од страна на ЕУ, претставува нејзин најконкретен придонес кон Пактот за стабилност за Југоисточна Европа. Ова, на моменти невралгично парче на Европа, одеднаш добива друга отворена и посебна перспектива - членство во Европската Унија.

Се разбира, ние сме потполно свесни до постигнувањето на нивото потребно за полноправно членство, треба да се исполнат одредени услови и критериуми. Ритамот и динамиката на исполнувањето ќе зависат најмногу од самите нас. Но, на тој пат ќе бидеме помогнати и од страна на самата ЕУ и нејзините членки, како што бевме помагани и до сега.

Несомнено, круна на досегашниот развој на односите помеѓу нашата земја и Европската Унија е потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во Луксембург. Овој комплексен, правно - обврзувачки акт на политички план ќе ја стави Република Македонија во редот на потенцијалните членки на ЕУ и чинител во креирањето на идна Европа, општество со сите атрибути на највисоки демократски вредности, сигурност за нејзините граѓани и социјална правда.

На економски план, со Спогодбата се отвора вратата на еден од најголемите финансиски и еден од најмоќните пазари на светот. Тоа ќе биде поттик за забрзување на преструктуирањето на стопанството на нашата земја и прилагодување на новите услови. Ќе се отвори можност за забрзување на социјалниот и економскиот развој на Македонија, како и развој и втемелување на политички и економски врски со земјите членки на ЕУ, како и промовирање на идентитетот на Македонија како мирољубива земја ориентирана кон процесот на европската интеграција.

За потсетување, преговорите за Спогодбата за стабилизација и асоцијација се реализирани во значително краток период од април до ноември 2000 година. Спогодбата се парафираше на Самитот во Загреб на 24 ноември 2000 година, а еве денес, во Собранието, на овој историски ден, го отвораме процесот на ратификација на оваа спогодба со што ќе следи процесот на ратификации во земјите членки на ЕУ и Европскиот Парламент.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како преферцијална спогодба треба да придонесе кон економска и политичка стабилност меѓу Република Македонија и Европската Унија. Спогодбата за стабилизација и асоцијација, покрај преамбулата содржи и 10 поглавја:

- Општи принципи;
- Политички дијалог;
- Регионална соработка;
- Слободно движење на стоки, движење на работници;
- Основање на претпријатија, услуги и капитал;
- Приближување на законодавството и примена на законите;
- Правда и внатрешни работи;
- Политики на соработка;
- Финансиска соработка и

- Институционални, општи и заеднички одредби.

Преамбулата ги дефинира взаемните намери на Република Македонија и ЕУ и нејзините земји членки, како и основата врз кои тие се договараат, имајќи ги предвид актите и повелбите на Меѓународната Заедница во одделни области што се договараат во рамките на процесот за стабилизација и асоцијација.

Во рамките на преамбулата е еволутивната клаузула со која се повикува на подготвеност на Европската Унија да ја интегрира Република Македонија во најголема можна мерка за политичките и економските текови на Европа и се дефинира нејзиниот статус како потенцијален кандидат за членство во ЕУ.

Врз основа на Договорот за Европската Унија и исполнување на критериумите дефинирани од страна на Европскиот Совет во 1999 година, а врз основа на успешната имплементација на оваа Спогодба, особено во поглед на регионалната соработка.

Овде, морам да нагласам дека од низата различни видови на асоцијативни спогодби само европските спогодби склучени со централно и источно - европските земји и сега Спогодбата за стабилизација и асоцијација ја содржат еволутивната клаузула со перспектива за идно полноправно членство во ЕУ. Со Спогодбата се предвидува потполна асоцијација да се постигне во текот на транзиционен период од максимум 10 години. Периодот е поделен на две фази со цел одредбите од Спогодбата да се имплементираат прогресивно. Предвиден е и интензивен политички дијалог меѓу нашата земја и ЕУ и тоа посебно за прашањата од меѓународен карактер што имаат значајно влијание за договорените страни, за регионалната соработка, како и за заедничките гледишта за безбедна и стабилна Европа.

Изминатите неколку недели особено покажаа и докажаа колку е значаен тој политички дијалог за Република Македонија, но и за Европската Унија. Во досегашните документи на Европската Унија што се однесуваат на Југоисточна Европа и во повеќе наврати и во оваа Спогодба, потенцирана е потребата и значењето од промоција на регионалната соработка и развивање на добрососедските односи. Всушност, тоа беше и останува определба на македонската политика, зошто сме потполно свесни дека, како мала држава и слаба економија, неопходно е регионално поврзување и обезбедување поголем економски потенцијал, атрактивен за повлекување на странските, толку неопходни за развојот, инвестициите.

Еден дел од Спогодбата се однесува на четирите столбови на движење на стоки, работници, претпријатија и услуги и капитал, што ги сочинуваат темелите на внатрешниот европски пазар кон кој се стремиме. Се обезбедува целосен либерален пристап за стоките од Република Македонија на пазарите на Унијата, без временско ограничување, а со исклучок на виното и јунешкото месо.

Обврска на Република Македонија е постепено да го отвора својот пазар за стоки што потекнуваат од Унијата. Преку овој асиметричен принцип треба на крајот од транзициониот период од 10 години да се воспостави зона на слободна трговија меѓу Република Македонија и Европската Унија. Европските преференцијали стапуваат во сила со стапувањето во сила на Времената Спогодба, што е парафирана на 6 февруари, а потпишана на 9 април, без да се чека на процесот на ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Еден од приоритетите и обемните обврски кои се преземаат со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и тоа веднаш со потпишувањето, е усогласување на нашето законодавство со онаа на Европската Унија. Станува збор за огромен број на регулативи, директиви, одлуки и препораки кои постепено ќе треба да се вградат во нашето законодавство односно да се изврши нивна соодветна транспозиција. Парламентот на Република Македонија во овој процес ќе ја има клучната улога.

Посебно е важно, во областа на усогласување на законодавството, тоа што самото транспорирање на европските прописи е само првата фаза од обврската. Потребно е да се обезбеди институционална структура која ќе обезбеди примена на законите. Во тој контекст се потенцира потребата и од реформа на судскиот систем, со цел негово запознавање со новите содржини и подобрување на неговата ефикасност.

Нашата земја е прва земја чија Спогодба содржи одредби од областа на правдата и внатрешните работи. Тоа произлегува од обврските на Амстердамскиот Договор кој стапи во сила во 1999 година, според кој Европската Унија

станува надлежна и за овој сегмент, за правда и внатрешни работи. Во овој дел од Спогодбата се уредува соработката во областа на јакнењето на институциите и владеењето на правото: визи, гранични контроли, азил и миграција, спречување контрола на нелегална емиграција, реадмисија, борба против перењето на пари, спречување и борба против криминалот и другите незаконски активности.

Самата Спогодба, како што е договорено со Европската Унија, веќе ги дефинира видовите и условите на финансиската соработка што ќе овозможат реализирање на обврските кои произлегуваат од неа.

Таа би имала форма на неповратна помош, кредити, макрофинансиска помош и директна буџетска подршка.

Преку Програмата КАРДС, финансискиот пакет за период 2000-2006 изнесува околу 4,5 милијарди евра за сите пет земји од процесот за стабилизирање и асоцирање.

Пакетот за 2001 година, за нашата земја изнесува 42 милиони евра, што практично е дупло повеќе од минатогодишната ФАРЕ - Програма.

Имплементацијата на Спогодбата ќе се следи заеднички од страна на земјите членки на Европската Унија, Европската комисија и Владата на Република Македонија, преку Советот за стабилизација и асоцијација, Комитетот за стабилизација и асоцијација и Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Несомнено, имплементацијата на ваков комплексен, обемен и исклучително важен за иднината на Република Македонија, правно обврзувачки документ, бара од сите нас максимална мобилизација и безрезервен ангажман. Владата на Република Македонија во оваа насока веќе има развиено јасна агенда за натамошни оперативни активности кои ќе обезбедат ефикасно искористување на расположивите потенцијали.

Воспоставен е разгранет низ сите министерства и државни институции систем на управување, координација и синхронизација на процесот на Европската интеграција во Република Македонија, усвоена е и во имплементација методологијата за хармонизација на законодавството и техничките регулативи на Република Македонија, со онаа на Европската Унија, како и стратегија на обука и на државните службеници за прашања врзани со европската интеграција.

Во завршната фаза се и акционен план за имплементација на Спогодбата за стабилизирање и асоцирање, националната програма за апроксимацијата на законодавството со матрица за следење на имплементацијата, стратегија за информирање на јавноста за процесот на европската интеграција и постигнатите резултати, а до крајот на годината ќе се изготви и промовира и национална стратегија за интегрирање во Европската Унија.

Владата на Република Македонија воспостави и постојано надоградува структура за насочување и координација на процесот на Европската интеграција и имплементација на Спогодбата за асоцијација и стабилизација, почнувајќи од Комитет за евроатлански интеграции, како највисоко политичко тело кое ќе ги утврдува главните насоки во процесот на Европската интеграција, работен комитет за европска интеграција како оперативно тело за реализација на активностите во процесот на Европската интеграција, усогласување на приоритетите и мониторинг на имплементацијата, Подкомитет за апроксимација на законодавството. Покрај ова Владата формираше и Сектор за Европска интеграција при Владата на Република Македонија и одделенија за Европска интеграција во сите министерства, како оперативен механизам, за дневна реализација, координација, синхронизација на конкретни активности кои произлегуваат од Спогодбата.

Целосниот институционален механизам се заокружува со Секторот за Европската Унија во Министерството за надворешни работи и Мисијата на Република Македонија при Европската заедница во Брисел.

Како последна обврска од самата Спогодба произлегува и јакнењето на демократијата, посебно на мултиетничкиот соживот во нашата држава. Во таа насока Република Македонија и понатаму треба да се докажува на планот, како мултиетничка држава, како држава во која и малцинствата имаат подеднакви права и навистина живеат со европски стандарди. Во таа насока, за жал, мораме да кажеме дека поради последните настани кои се случија во последниот месец во Република Македонија, ние го продолжуваме и го интензивираме разговорот кој е на меѓуетнички план, во нашата држава, со цел кризата која беше во нашата држава да ја решиме на еден

демократски начин, на начин на кој Европа едноставно тоа го бара од нас.

Она што може тука посебно да се истакне е фактот што Европската Унија, независно од овие последни настани кои се случуваа во нашата земја и беа трагични по судбината и по иднината на нашата земја, во ниту еден момент не се посомнева, во ниту еден момент не се обиде да го откаже потпишувањето на Договорот на 9 април во Луксембурк. Тоа го сметаме како посебно место во нашата политика, како потврда и длабока доверба која Европската Унија ја има во Владата на Република Македонија и воопшто во структурите на Република Македонија, како политички партнер, за она што го направија во изминатиот период, меѓутоа и голема доверба дека самите можат да излезат од оваа кризна ситуација.

И на крајот она што може да го кажам и да го потенцирам е дека со оваа Спогодба се стапнува на првата скала, на патот кон потполно интегрирање на Република Македонија во Европската Унија. Со ова се заокружува една фаза и тоа исклучително успешно се отвора огромна шанса за оваа генерација да го даде својот максимален придонес, за генерациите што доаѓаат.

Ви благодарам за слушањето. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот на Владата.

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, годподин претседател на државата, г-дин премиер, господа пратеници, дозволете ми најкратко да го изнесам нашиот став и мислење по однос на денешната расправа и воопшто по однос на досегашните активности околу потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија и нејзиното значење за натамошниот тек на активностите на Република Македонија, за исполнување на сите обврски за постигнување на условите за нејзино рамноправно членство во Европската Унија. Несомнено дека вклучувањето на Република Македонија во евроатланските структури, а пред се Европската Унија и НАТО, е определба на сите граѓани на РМ и сите политички субјекти кои дејствуваат во неја. И тоа не случајно затоа што вклучувањето на РМ во овие структури значи побрз економски развој, развој на демократските процеси и социјална благосостојба на сите граѓани. Од тука, најлесно, можеби, од сите прашања за кој се расправа во РМ се постигнува консензус токму за овие определби и за овие прашања и неслучајно сите политички партии во РМ го поздравија чинот на потпишување на оваа Спогодба пред неколку дена во Луксембург. И Партијата за демократски просперитет ги подржува сите напори за што побрзо вклучување на РМ и стекнување полноправно членство во Европската Унија но и напорите во другите области, за нејзино целосно интегрирање во евроатланските структури.

Но, за да се постигне оваа цел, секако дека Македонија треба да направи многу повеќе и тоа во сите домени, во прв план на планот на заокружувањето на натамошното продлабочување на економските реформи и развојот на демократските процеси во РМ, што всушност претставува и еден од клучните услови за нејзино понатамошно приближување кон овие структури.

Развојот на демократските односи во РМ, ќе се согласите дека е невозможен без хармонични меѓуетнички односи и без внатрешна стабилност и без побрз економски развој на земјата.

Република Македонија во последните десетина години за жал, води дијалог кој не дава соодветни резултати, ниту на планот на подобрување на меѓуетничките односи, ниту на планот на побрз економски развој. Но, пред се, овој дијалог не резултира со соодветни резултати во процесот на демократијата и одржувањето на фер и демократски избори, како еден од клучните услови за севкупен развој на земјата.

Дали РМ со вакви состојби, пред се во меѓуетничките односи, но и на планот на развојот на демократските процеси, со посебен осврт на слободното изразување на вољата на граѓаните на општи и непосредни избори може да се стекне со полноправно членство во Европската Унија, но и во останатите североатлански интеграциони процеси, секако одговорот е не. Од тука ПДП цени дека чинот на потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и Европската Унија, во некој случај Владата и другите државни органи и субјекти во РМ, не треба да го сфатат единствено, или само како признание за досегашните напори на Владата на РМ, на оваа и на било која претходна и чинот на потпишувањето да се сфати како постигнување на овие стандарди и како

признание од страна на Европската Унија, за Република Македонија да се однесува на начин на кој тоа и досега беше направено. Напротив ние сметаме дека РМ, чинот на потпишувањето на оваа Спогодба повеќе треба да го сфати како обврска повеќе во натамошните напори да се изгради конзистентен и по брз економски развој на земјата, подобрување и тоа радикално и брзо, на меѓуетничките односи и севкупен демократски развој на земјата. Доколку вака бидат сфатени овие обврски, тогаш сме убедени дека патот на РМ до полноправно членство во ЕУ ќе биде многу пократок и ќе биде многу полесен.

Доколку РМ односно Владата и останатите органи чинот на потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација го сфаќаат на начин што имавме прилика, барем од досегашните искажувања на видни личности во РМ, почнувајќи од претседателот, претседателот на Владата, министерот за надворешни работи итн., а во меѓувреме не сфатиме дека е неопходно веднаш и безусловно да се отпочне сериозен дијалог за сите отворени прашања и во областа на меѓуетничките односи и демократскиот процес во земјата, тогаш ние ќе паднеме уште во една замка и бидете убедени дека ќе бидеме во ситуација да се занимаваме не со исполнување на условите за побрза интеграција на РМ во Европската Унија, туку да санираме состојби кои можат да оставаат длабоки последици врз севкупниот развој на РМ, но и по нејзината егзистенција во иднина. Од тука и денешното наше учество на оваа седница, што треба да се сфати како наша определба за вклучување на РМ во овие процеси и наш придонес да се постигнат овие цели, треба да се сфати како уште еден наш обид, на ПДП, а чинам и на огромното мнозинство на албанците во РМ, како обид сите во РМ да смогнеме сили и пред проблемите да не ги затвориме очите, туку на нив да гледаме реално дека тие постојат и дека фамозните и, би рекол флоскули на нашата политичка реторика дека Македонија претставува оаза на мирот и место на хармонични меѓуетнички односи е нереална дијагноза за реалните состојби во РМ, туку треба поинаков пристап, сериозен, макотрпен, со меѓусебно разбирање, толеранција и отстапки, да се дојде до еден таков дијалог кој ќе биде различен од досегашниот десетгодишен и кој ќе подразбира, пред се, дијалог за отворените прашања на албанците во РМ и за побрзиот економски нејзин развој. Тоа треба да подразбира сериозен пристап на претседателот на земјата на Владата и сите релевантни политички партии, за да постигнеме еден консензус, за да имаме мир, благосостојба и побрзо вклучување во Евроатланските структури, пред се Европската унија и НАТО. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Насер Зибери.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, на почетокот да кажам дека даваме безрезервна подршка на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу РМ и ЕУ и тука сме за да ја подржиме Ратификацијата на Спогодбата.

Меѓутоа, мислам дека и должиме на јавноста да и дадеме барем најосновни информации во однос на задачите и обврските што треба институциите на државата и граѓаните на РМ да ги прават во текот на периодот кој е предвиден во Спогодбата за асоцијација и стабилизација. Имено ние можеме и треба да прославиме за тоа. Меѓутоа, мораме да бидеме самокритични, со оглед на тоа што навистина не очекуваат огромни задачи и огромна одговорност во наредниот период.

Зошто ова го кажувам? Ова го кажувам затоа што веќе подолго време не се примаат членки со рамноправен статус во Европската Унија, како форма на политичка одлука, што можеби во некое време и било така, особено кога постоеше железна завеса помеѓу Истокот и Западот односно кога имавме студена војна. Тогаш имавме такви ситуации што една членка, без оглед на тоа што до крај не ги исполнува обврските и критериумите, сепак може да се прими како полноправна членка од политички причини, надворешно политички причини. Меѓутоа, после паѓањето на Берлинскиот ѕид, мислам дека таа можност до крај е минимизирана, така што сега во ЕУ доминираат само правните критериуми и економските критериуми и тука тешко некој може да бара преференци поради некоја политичка состојба, политичка позиција, геостратешка позиција итн.

Имено, дури тогаш после 50 години од идејата Алтеиро Спинели и Жан Моне до, практично, Шуманиот план поминаа доста години кога почна првите чекори да ги прави Европската Унија во правец на ефектуирањето од аспект на конституирањето на оваа организација. Денес ни е тука да ја ратификуваме

Спогодбата и мислам дека е тоа добар чекор, како прв чекор кон еден посериозен статус. Министерот тука спомна блискост и во блиска иднина ќе можеме да се стекнеме со статут на полноправна членка на Европската Унија што мислам дека е утопија за ова време. Дури и сите работи да тргнат кон некоја логика во правец, на пример еве Советот за стабилизација и асоцијација дава одлична оценка во сите области. Процедурално и со содржината на текстот произлегува дека зад тој статус полноправен би требало да се чека 10 до 12 години. Реков до 12 години, од причина што процесот до Европската Унија е многу сложен во однос на ратификување на овој инструмент. Еве, денеска ние тука го ратификуваме овој инструмент, меѓутоа, јас не сум уверен дека ова ќе се чини од сите 15 парламенти на постојните членки на Европската Унија. Тоа ќе потрае една година можеби и една ипол година или две години, тоа е процес. Плус десет години, практично како е предвидена постапката за царини во однос на производите од Европската Унија увезени тука, мислам дека практично ние 12 години ќе имаме работа и задача која ќе мора да ја извршиме, за да можеме тек да преговараме за полноправно членство во Европската Унија. Имено, на 22 јуни во 1993 година во Копенхаген е донесен еден акт кој ги отфрла принципите за државите кои претендираат да бидат рамноправна членка во Европската Унија и таксативно таму постои дека таа држава, значи, придружничка треба да ги исполнува следните услови.

Прв услов е да мора да има демократски стабилни институции. Тука можеме да се прашаме дали навистина имаме демократски одговорни институции и стабилни институции. Со оглед на тоа што избори имавме кога имавме и жртви и ранети итн., што демократски институции имаме кога имаме чудни афери во однос на контингенти, квоти итн. Дали тука може да се зборува за одговорни демократски и стабилни институции. Или пак за правна држава, или пак за медиуми кои се катастрофа од катастрофа.

Второ, втор сегмент или втор услов е да се има таква конструкција, правна па и имплементација на таа правна конструкција. тоа е доменот на правата на човекот и правата на етничките заедници. И, тука ние докажуваме дека многу повеќе импровизираме од тоа што сме одлучни реално да се справиме со една состојба, која може да ни помогне во правец кон најдоброто.

Трет услов е пазарната економија која може, не може туку треба да биде конкурентна во Европската унија. Значи, дури и да ги исполнуваме тие правни и политички обврски што ги имаме, овој сегмент е многу важен. Значи, мораме да имаме таква економија која е способна да се справи во конкуренција со субјектите во рамките на Европската Унија. Тука веќе јас станувам многу по песимист од тоа што може на допрва во поглед да се каже. Имено, неможеме да имаме побрз економски прогрес ако немаме доблест и сили, да смогнеме сили да се справиме со реалната можност и дефинитивно оваа држава да добие титула на демократска држава каде се одвива демократска комуникација, која фактички неможе да се третира како земја ризична за инвестиции, лабилна, политички итн. Тешко некој ќе инвестира во некоја држава која нема политичка стабилност итн.

На крај, четвртиот услов е способност да ги прифати обврските и да ги почитува тие обврски. Мислам дека и ова прашање е далеку од тоа што би требало да биде, за да можеме да кажеме дека ние можеме да претендираме за полноправно членство во Европската Унија. Но, што сакав уште да кажам. Сакав да кажам дека освен условите кои ги спомна под 1, 2, 3 и 4 мора нешто да се смени во нашите глави, во нашата субјектива, во нашиот имобилен живот, менталитет итн., бидејќи ние неможеме со ваков затворен менталитет, со фикс идеи, кога исклучуваме се друго што може да биде поинакво од нашата идеја, ние неможеме да одиме во Европа, ако ги сатанизираме најосновните столбови на демократијата, како што е дијалогот, разговори, почитување, толеранција итн. Кога реков дека мораме да имаме стабилни институции, одговорни институции, кои ќе бидат рефлекс на структурата, целокупната структура на Македонија и социјална и економска и политичка и етничка итн., ние за жал, сеуште имаме институции кои функционираат и делуваат или етнички, или едноетнички или политички или партиски итн., не е можно поинаку. Еве, претседателот на државата држи говор пред структурите на Организацијата на Обединетите Нации и пак спомнува дека ние се соочуваме со расизам. Мислам дека тие барем на прв човек на важна институција таква квалификација не е потребна од причина што барем би требало да има некој советник кој стручно знае што е тоа расизам. Тоа е, значи, норми, правила со кои дискриминирате некој друг, да имате посебни школи итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине, само она што е искажано во парламентарна расправа.

Му благодарам на господинот Билали.

За збор се јави господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници од Владата и почитувани екселенции. Можеби како што ја карактеризиравме седницата како свечена за некого може да биде изненадување што, еве, ние како пратеници од парламентарната група на ПДП би сакале да се искажеме односно да укажуваме на некои работи, а исто така се приклучуваме на сето тоа што значи и свечена седница и сето тоа што значи потпишување на една спогодба многу важна за стабилизација и асоцијација со Европската Унија. И јас како член на групата за соработка, на парламентарната група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европската Унија, мислев во себе дека сакам и треба да кажувам нешто со самиот факт што и како член на парламентарна група во опозиција, го дадовме нашиот придонес во од, за да се постигне една цел во овој случај само до таму да се потпишува една многу важна спогодба за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија. Но, потпишувањето на една ваква спогодба може да не радува и мислам дека сите го делиме тоа заедно. Но, нашите пораки, нашите укажувања се и денеска, а ќе бидат и понатаму, не треба да се правиме премногу важни дека еве потпишавме една спогодба и со таа спогодба откога кажавме во Собранието, откога ќе бидеме во Александар Палас или бевме во Луксембург а секојдневието да ни биде сосема друго, од тоа што е и како текст дури на таа спогодба односно на еден закон за спогодба за кое ние денеска. Јас навистина не би сакал како што реков и на почетокот да ве замарам со тоа дека ние би требало сега сите тие поглавја, сите тие 10 поглавја и да го дадеме нашето мислење односно нашите укажувања, нашите коментари, но во едно што значи глава I т.е. општи начела, морам само да ве потсетам, а тоа не значи дека вие колеги и сите вие други кои го сочинувате тоа што значи систем и институции на Република Македонија и органи во Република Македонија.

Член 2 од општите начела на Глава I е почитување на демократските принципи и човековите права, прокламирани во Универзалната декларација за човековите права, како што е дефинирано во финалниот акт од Хелсинки и Парискaта повелба за Нова Европа. Почитување на правилата од меѓународното право и владеење на правото, како и начелата на пазарно стопанство, содржани во Бонската конференција односно сега ОБСЕ.

И, ако сите овие работи што се назначени во членот 2 уште еднаш ги прокоментираме и правиме една споредба како ние се однесуваме кон сите овие повелби, кон сите овие документи, кое е нашето секојдневие? Како се однесуваат нашите институции? Како се однесуваат нашите први луѓе кои ги водат тие институции? Тогаш веќе доаѓаме во една ситуација да, навистина, укажуваме едни на други и сите да преземаме огромна одговорност во нашето однесување како функционери, почнувајќи како пратеници, министри и луѓе кои водат институции. Се разбира, тука, можеби, главниот збор го има претседателот на државата.

Зошто го велам ова? Затоа што денеска, сеуште сме сведоци во однос на човековите права, на работи кои личат на време кога, веројатно XII или XIII век. Јас, при една посета за соработка со моите колеги во Брисел во градот Гент видовме нешто, што човештвото или нечовештвото во некое време употребувало такви методи, такви начини на однесување кон тоа што значи човек, што бевме сите згрозени. А ние, денеска, не би требало во XI-иот век да се згрозуваме со нашето што се случува и денеска и се случувало или во времето на инквизицијата или во времето на феудализмот итн. Зошто ви го велам ова?

И денеска сме сведоци, во однос на човековите права, на однесување на поединци, дали се тоа поединци или групации, посебно од МВР на однесување кое не може никако, мислам не може да се премине преку тоа. Затоа што тие малтретирања кон човекот, кон животот на човекот, кон тоа што значи човек е спротивно во однос и на сите овие повелби, а спротивно е и на нашиот сегашен актуелен Устав.

Јас ќе ви го илустрирам, можеби некој ќе рече, па сега ли најде да го спомнеш ова? 14 месеци млади луѓе, невини значи, лежеа во Истражен затвор, од Арачиново кога се случи убиството и 14 месеци кон нив се употребени методи на истражување што човек мора да се згрози. Тепање, малтретирање, до елементи на садизам. И ова не може да се крие. Ние не

можеме вака да се однесуваме. И, вака не можеме да бидеме дел од Европа, ако не се менуваме, ако немаме еден добар конверт во нашите однесувања во нашите мислења и во нашите постапки.

Понекогаш се заборaваме. Мислиме дека кога ќе одиме во Луксембург, тука веќе се завршува и сме во Европа. Не, почитувани колеги. Европа треба да се случи тука, во Македонија. Тука треба да се случи. И тогаш кога Европа ќе се случи во Македонија, ние тогаш ќе се гордееме и тогаш ќе заклучиме во себе дека сме дел од Европа и го правиме правиот чекор кон Европа. Мораме ние, полека да се прилагодиме и да го манифестираме тој европски манир. Но, тој европски манир, односно европските манири треба во себе, пред се во нашето однесување и како единка и како Парламент и како органи и како Министерства и како сето тоа што го сочинува една држава.

Понекогаш кога размислувам за овие работи, се ми се чини дека многу повеќе прави Европа за нас, него што ние правиме за себе.

Значи, дали ние инвестираме, сите или како партии или како субјекти разни во државата, дали го инвестираме тоа што треба да се инвестира во целокупното наше однесување, дали политичко, дали економско, социјално, во рамките на човековите права, националните права. Дајте еднаш да кажеме дека од денеска или веќе од утре ќе се однесуваме како што ни порачуваат тие наши пријатели од Европската Унија или од САД и другите меѓународни институции.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Не можеме и понатаму да велиме дека мора да биде како што велам јас, или како што велиме ние како пратеничка група, или како партија, или како нација итн., или да го кажеме тоа дека не може да биде ако не биде како што велам јас, како што вели мојата пратеничка група, мојата партија, мојата нација итн. Мораме да навлеземе во суштината на проблемите од секоја сфера, а ако навлеземе во суштината на проблемите и не се плашиме од дијалог, да воспоставиме дијалог кој навистина ден за ден, или во секојдневието ќе се забележува дека навистина тоа нешто функционира, за конкретни прашања зошто толку се плашиме, зошто се плашиме да разговараме за суштински проблеми. Дури имам впечаток во последно време од кога ни се случи оваа голема криза нешто во нас се случува ирационално, а ирационалното е во тоа кога му велиш некому, или на другата страна, за ова прашање не сакам да разговарам, за ова прашање не сакам да разговарам, за ова прашање не сакам да разговарам, дали тоа значи дека нема дијалог. Мислам и другите и странците нема да не сфатат, не сакаме дијалог, затоа што се плашиме да ги поставиме работите на раун тејбл, и да разговараме. Ако веќе имаме такви лоши манири дека ние сами не можеме да водиме дијалог и како што се потврдува и не можеме некако да го водиме тој дијалог, суштински дијалог, тогаш не треба да се лутиме, не треба да трумпетираме и да викаме до небо дека не може и не смее никој да посредува во нашиот дијалог. Па мора да посредува, затоа што ние дијалогот не го водиме суштински, ние не го поставивме ниеднаш тој дијалог. И ако веќе сме во такви ситуации, еве ни ја шансата, шансата ни ја даваат другите. Не велам дека и не ја заслужуваме да ни ја дадат таа шанса, меѓутоа треба од нас да се претвори нешто друго, човек рационален, пратеник рационален, функционер рационален, сите да бидеме толку рационални што навистина и не смееме никогаш работите да ги одместуваме, поместуваме таму каде што не е вистинската работа, а тоа се ми се чини мајсторски го правиме понекогаш. Така што бегаме од вистинскиот терен, вистинскиот проблем и ќе одиме таму, па и ПДП и овие други и овие други, па ни го загрозуваат интегритетот итн. Ти кажуваш сто пати, десет години ние сме за интегритетот и целовитост на државата, никако да веруваме. Значи, тој степен на доверба меѓу нас толку е низок што мора да се покачи. А кој може во тоа да ни помогне? Сите ние сами, а ако треба да се вклучи и некој што тие работи веќе одамна добро ги средил дали во Унијата, дали во САД, или во други институции, тогаш таа помош ќе ни биде добредојдена, а не одвреме и априори дури ни се случува понекогаш искажуваме разни аверзии во разни наши декларации и разни наши изјави. Се надевам дека сите ние без никаква демагогија ќе настојуваме сите во проблемите што не тангираат и се наши проблеми да го користиме ова. Значи, потпишавме Спогодба, имаме огромен документ каде што ни се даваат и ни се појаснуваат работите како треба да се однесуваме и кога сето тоа го имаме со инсталирање и на една голема меѓународна заедница во нашата држава, сите предуслови ги имаме, тогаш дајте да работиме сериозно и навистина веќе да го заслужуваме што го велиме ние почесто тој европски благодет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани членови на Владата, дами и господа пратеници Демократската алтернатива го поздравува потпишувањето на Договорот за асоцијација и стабилизација на Република Македонија потпишан во Луксембург пред три дена. Ова особено поради фактот што додека бевме партиципиенти во власта зедовме активно учество и го предводевме тимот кој макотрпно во период од неколку месеци преговараше за секоја позиција од овој обемен документ и истиот го заокружи некаде во месец ноември кога и беше парафиран. Секако овде треба да се оддаде признание и на поширокиот тим експерти од различни области кои го дадоа својот несебичен придонес во реализацијата на оваа Спогодба, учествувајќи како логистичка поддршка на политичкиот тим. Напоменувајќи дека ова е историска шанса на Република Македонија да ги исполни обврските за усогласување на своето законодавство со европското, неминовно се наметнува заклучокот дека сега многу работи зависат од нас, од нашата експедитивност, креативност и желбата на дело, а не само декларативно да створиме услови за полноправно членство во ЕУ во наредниот период. Уште еднаш нагласувам дека Демократска алтернатива го поддржува потпишувањето на Спогодбата и ќе гласаме за нејзината ратификација во Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Иванчо Черкезов.

**ИВАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани министри, почитувани екселенции, дами и господа пратеници, во името на Пратеничката група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција даваме безрезервна поддршка за донесување на закон по итна постапка за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Заедница и нејзините земји членки, со Предлог на закон. На 9 април о.г. со директниот телевизиски пренос од Европската конференциска сала во Луксембург политичките субјекти и граѓаните на Република Македонија со задоволство го следеа историскиот настан без преседант за Република Македонија, односно церемонијалот на потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки кои ја потпишаа премиерот на Владата на Република Македонија г-динот Љупчо Георгиевски, еврокомесарот Кристофер Патен, високиот претставник за надворешно и безбедносна политика на Европската Унија Хавиер Солана и министерката за надворешни работи на Шведска, земјата претседавач на Европската Унија, Ана Линд. На овој ден беше потпишана и привремената Спогодба за трговија и трговски прашања што стапува во сила од 1 јуни годинава и со која Македонија се ослободува од царина 95% од македонските производ освен за пилешкото месо, виното и рибата. Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Македонија, истата стана прва земја од земјите од југоисточна Европа која го направи овој значаен исчекор на патот кон целосна интеграција, односно стана придружна членка на Европската Унија. На церемонијата беа присутни министрите на 15 земји членки на Унијата што е силна порака на поддршка за нас и сигнал дека е створена доверба дека на Македонија местото и е во Европа. Ова е признание за сето она што Македонија го правеше во изминативе десет години ни од осамостојувањето во областа на демократијата, соживот меѓу Македонската нација и етничките малцинства во Република Македонија, реформите и меѓународната соработка. Македонија стана прва земја од регионот која се избори за свој статус, докажувајќи дека се наоѓа во вистински курс, дека со крупни чекори оди по патот на демократијата, реформите и секојдневното унапредување на човековите права и односите меѓу Македонската нација и етничките малцинства во Република Македонија. Не случајно и претседавачот на Европската Унија Ана Линд, за време на потпишувањето на Спогодбата ќе истакне дека Македонија е прва земја од регионот со најнапредни односи со Унијата, истовремено посакувајќи и на Македонија добредојде во широкото европско семејство.

Во Агендата на овој историски ден за нашата земја би можел да се стави и долгоочекуваниот дожд кој заврна пообилно и највероjатно е божји благослов и предвесник на убавата иднина за граѓаните на Република Македонија. Чинот на потпишувањето на Спогодбата несомнено претставува надградување на досегашните

форми на соработка иницирана уште од првите години на самостојна и суверена Република Македонија и тоа нагласено во 1993 година преку политичка волја дадена од Собранието на Евроатлантската интеграција, декларацијата од 4 февруари 1998 година, за развојни односи со Европската Унија и иницијативата од Европската комисија на 5 март 2000 година, за интензивирање на преговорите со Република Македонија, кон крајот на годината усвојување на декларација од Собранието на Република Македонија за подигнување на нивото на односите на Република Македонија со Европската Унија и на Самитот во Загреб на 24 ноември минатата година дојде до парафирање на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската Унија. Во идниот период што претстои пред нас за очекување е да ги реализираме целите со календар прецизиран, со динамика на реализирање на Спогодбата за стабилизација и асоцијација како би дошле до крајниот продукт, а тоа е кандидатура на Република Македонија за полноправно членство во Европската Унија. Со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација како и со привремената Спогодба за трговија и покрај кризата што ја зафати нашата земја во последните месеци, Европската Унија ни даде историска можност за пласирање на македонските производи на 360 милионскиот пазар во Европа. Најнормално е дека од утре нема да тече мед и млеко. И тоа никој не го очекува експресно, но постои можност во еден динамичен и краток транзиционен период да ги реализираме благодетите од интеграцијата со Европското семејство. Имплементацијата на овој договор значи многу обврски, апроксимација на стотици закони и прописи, хармонизација на легислативата, почитување на владеење на правото, искоренување на нелегалната трговија, добрососедски односи, регионална соработка, демократски принципи и човекови права, политички дијалог, етаблирање на слободни трговски зони, движење на работници, слободно движење на капиталот, етаблирање на Советот за асоцијација и стабилизација што ќе биде супервизор на реализираното од поставените обврски.

Почитувани дами и господа, сите сме свесни дека патот до конечниот влез во Европската Унија е долг и макотрпен, но покажавме и докажавме дека тоа е единствениот пат по кој мораме да одиме, затоа што друга алтернатива немаме. Тоа е долг кон нашите предци и обврска кон идните поколенија. Неопходно е целосно оживотворување на Спогодбата во практиката, затоа што во спротивно самиот чин на нејзиното потпишување не значи ништо. Имено, треба да се имплементираат околу 200 илјади страници на кои се напишани закони и прописи на Европската Унија. Со еден збор треба да се одговори на предизвикот на политички, економски, и институционални, фундаментални реформи. За реализација на овој развоен процес во Република Македонија во кој сме влезени со огромна желба потребно е да се мобилизира целокупниот потенцијал, творечки и интелектуален за што побрза реализација на преземените обврски. Од Спогодбата која претставува десетгодишен политички консензус произлегува зголемена одговорност на сите чинители во Република Македонија во прв ред граѓаните, но најмногу за политичките претставници и партии за кои со Спогодбата стапуваат во сила нови и далеку повисоки стандарди кои ќе мораат да се почитуваат и креативно да се дOградуваат. Потребно е да размислуваме и градиме Европски принципи и да го ставиме на страна балканскиот менталитет.

На крајот на моето обраќање уште еднаш во името на Пратеничката група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција би го поздравил потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки и би искажал наша безрезервна поддршка и учество во сите реформски зафати, законски проекти и меѓународни договори за реализирање на националниот интерес за конечен прием на Република Македонија во Европската Унија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напоменувам дека закажавме, досега како ја следевме работата имаше апсолутна согласност од сите да се потпише и да се ратификува оваа спогодба, закажавме во 13,00 часот прием. Ако мислите дека треба да продолжиме со расправата, предлагам на прием да одиме на време, да направиме пауза, да се вратиме и да продолжиме со расправа. Ако не, молам говорниците да водат сметка за тоа.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министри, екселенции членови на Влада, колеги пратеници, денешнава седница на Собранието по многу нешто има историско значење.

Како парламентарци и претставници на граѓаните во склад со нашите надлежности денес имаме можност со донесување на предложениот закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската Унија да дадеме свој личен придонес за интеграција на Република Македонија во Европската Унија. Тоа е можност што е очекувана со години и со генерации, тоа е стратешка цел на Република Македонија. Ние сме цврсто определени за интеграција во Европската Унија и во тој контекст потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија и Република Македонија што беше остварено на 9 април о.г. во Луксембург е основ за остварување на нашите стремежи, а тоа се да станеме дел од обединета Европа каде што и припаѓаме. Пред нас имаме конкретен документ кој заслужува респект и предлагам да градиме таков однос кон него. Симболиката на таквиот однос ја отсликува и знамето на Европската Унија што денес гордо стои во оваа сала заедно со знамето, со државното знаме на Република Македонија.

Со вклучувањето во Европското семејство на народите и со јакнење на врските и интегративните сили за промоција на мирот и демократијата можен е економски просперитет и натамошен развој на регионот во обединета Европа. Со тоа се дава широк поттик за нашите идни активности за почитувањето на демократските принципи и човекови права на меѓународните норми и стандарди за институционална стабилност, побрз економски развој, добрососедска соработка итн. Почитувани колеги, со конкретното обликување и реализација на обврските кои произлегуваат за нас парламентарците во поглед на хармонизација на легислативата на Македонија со легислативата на Унијата ќе ги интензивираме напорите на општеството за што поскоро уредување на односите во склад со стандардите и принципите на развиените демократии. Упатени сме на соработка за побрзо и поефикасно обликување на нашата заедничка Европска иднина и Европски просперитет. Ценам дека со напорите што беа остварувани и од претходните влади и парламентарни состави и структури во континуитет и со години се постигна посакуваната цел. Сепак, финалето или заслугата за успехот мораше да му припадне некому.

Овој пат таа заслуга и припадна на Владата на г. Георгиевски, односно на ВМРО-ДПМНЕ заедно со коалиционите партнери. Ние од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ им изразуваме честитки на сите кои беа вклучени во напорите за да се постигне овој успех. Во тоа секако дека не поддржаа сите парламентарни и вонпарламентарни партии, што е мошне важно за нашата заедничка иднина. Очекувам да внесеме нова филозофија и нов дух во живеењето, за да се постигне владеење на правото, на разумот и на меѓусебното почитување и соработка. Тоа ќе биде нов пристап и продуховен квалитет за нашите севкупни активности. Таквиот пристап значи и своевиден лек за проблемите и фрустрациите кои треба да останат дел од историјата и спомените, како што тоа одамна го сториле нациите на големите држави во Европа, на Германија, Франција, Италија, Велика Британија и други. Нивното националното битие опстојува, иако се заедно обединети во единствена политичка, територијална, монетарна, безбедносна и одбрамбена унија. Со ова се потврдува дека реформите може да се прават во институциите на системот и со градење на нова содржина за доброто на сите наши граѓани, притоа почитувајќи го историското право на македонскиот народ да има своја матична држава во која ќе живее заедно со малцинствата според европските стандарди и светските цивилизациски дострели. Само со такви позитивни активности може да им се каже стоп на современите зла на денешнината, на војните и кризите кои за жал се уште се присутни и не опкружуваат. Во Европа сме и ќе останеме во неа само ако со сопствени иницијативи ги насочиме активностите на луѓето кон хумана димензија на живеењето и творењето и кон нивно изразување во позитивен дух и креација за нашата заедничка иднина. Низ политички дијалог и толеранција да го искажеме нашиот позитивен дух и интелектуалните капацитети со кои располагаме, со што асоцијацијата со Европска унија да значи промоција на хармонични односи и развивање на соработка на сите полиња.

Од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ изразуваме целосна поддршка за донесување на предложениот Закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија.

Ви благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г. Кралевски.

Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван г. претседател на Собранието, ценет г. претседател на Република Македонија, ценет г. претседател на Владата, уважени екселенции, уважени дами и господа министри, драги колеги и колешки,

Ова е свечен чин. Околу тој чин јас не сакам многу да зборувам.

Со тоа што ќе бидам краток јас мислам нешто да придонесам. За мене важна работа денес е радоста. Радоста бидејќи дузина години поминавме во плурализам каде што успеавме да ја осамостоиме државата, каде што успеавме низа институции да изградиме, а еве денес имаме една од најважните потврди за статусот односно и за внатрешната кондиција или состојба на самата држава, во рака наш дел е ова да го апсолвираме или прифатиме.

Исто така, сакам да истакнам недвосмислено дека во овие дузина години ние имавме поддршка од нашите надворешни партнери и пријатели. Имаше и мигови кога не бевме најдобро разбрани, а некој пат и ние не ги разбиравме најдобро нивните науми. Европската унија дефинитивно реши и се приближи кон тоа сета територија, вклучително и таа т.н.

Западен Балкан да стане обединет простор. Наша радост е што ние сме меѓу првите кои ваква асоцијација и воедно стабилизација заклучуваме. Нам ни преостанува уште многу од секојдневните задачи што треба да ги изработиме и онака на домашен план. Секако, да ја издигнеме културата, па и на дијалог, но и на труд овде кај нас.

Посакувам ова да не е завршниот важен документ кој ова свикување на Парламентот може да го донесе. Јас денес воедно мислам и на зачленувањето во Северно - атланската Алијанса.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г. Бошков.

Има збор г. Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Драги колеги, јас се радувам на денешното комплетно прво собирање на Парламентот после таа несреќна пауза, затоа што мислам дека држава без Парламент или не е држава или е многу опасна држава и затоа навистина мошне ми е драго што во комплетен состав повторно заседава Парламентот.

Добро што е потпишана Спогодбата и јас се радувам на тој чин, а се надевам и сите вие и надвор од оваа сала. Им честитам на сите што работеа за да стигнеме до овој потпис кој што беше извршен и до овој дел на ратификација што ќе биде извршена.

Се оценува дека тоа е историски чин и јас би рекол дека може и тоа да биде. Ќе биде историски настан ако укажаната прилика биде искористена, ако не ќе биде нешто друго, ако деновите и годините што доаѓаат станат верификација за вистинска европеизација на Република Македонија. Вистинска европеизација на Македонија ќе доживееме ако Македонија ја развиваме, градиме како граѓанско општество, наспроти сега повампирените племенско - колективистички концепти кои му припаѓаат на Средниот век. Ако од политичкиот натпревар се исклучат ултиматумите во стилот - или мојата вистина и мојот интерес или војна. Ако политичките дебати во Република Македонија доминантно бидат исполнети со расправи за проекти од сферата на вработувањето, од областа на здравството, од областа на образованието, културата итн. Ако почнеме конечно да бележиме раст на вработувањето, раст на животниот стандард. Ако таман што почнало да се создава клима за наплив на странски инвестиции само со еден безумен чин, наместо наплив на инвестиции, произведеме нивно бегство и наплив на воени делегации, оружје, медијатори за мирење на балканските племиња. Ако станеме сите свесни колку со последните настани тие што им кумуваа на тие настани им украдоа на сите граѓани на Република Македонија работни места, поголем доход, поголеми плати, пополн буџет, подобар стандард за студентите, подобра подлога за подобри плати за администрацијата. Ако не правиме партиски војски, партиски фирми, партиски буџет, партиски царини, партиски гранични премини, партиски судии, ако Зоран Крстевски нема причина да каже “бе се срамам што сум член на оваа Влада" па потоа остане таму и натаму да се срами, а Фетаи како и некои претходни министри и од претходни влади дели дозволи за шеќер, за локум, за кисели краставици на кобајаги одржани тендери. Ако Владата или некој во неа наместо да работи на отстранувањето на безбедносниот колапс во екот на пукотниците продава фирми на најсомнителен начин, исто како што и Фетаи продава или издава дозволи. Фетаи го спомнувам не затоа што е единствен, туку затоа што е многу актуелен, инаку, многу други тоа го правеа. Ако создадеме систем и практика луѓето да веруваат во законот како заштитник на нивните права и

определувач на нивните граѓански обврски, а не дали имам свој човек во системот и да не ги лажеме луѓето. Ние ја потпишавме спогодбата. Со тоа не станавме веднаш придружна членка на Европската унија како што се вели. Ќе бидеме тоа ако фаза по фаза ги исполниме условите од спогодбата, оценувани фаза по фаза од тие со кои ја потпишавме спогодбата.

Можеме ли да ги исполниме барањата од оваа спогодба?

Можеме ли да ги исполниме тие услови? Можеме.

А, можеме ли да ја оплескаме работата? И тоа можеме. Во зависност од првово или второво ќе судиме или ќе ни судат за историчноста на овој чин.

Јас ќе гласам за оваа нова надеж што ни се насмевнува на сите нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, дами и господа, денес е многу важен ден за Собранието на Република Македонија, можам да кажам и за сите граѓани на Република Македонија, затоа што треба да ја ратификуваме Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија. Чин со кој Република Македонија станува потенцијален кандидат за полноправно членство во семејството на Европската унија. Овој чин е многу важен од многу аспекти, но доминираат следните.

Како прво, ќе почне да се материјализира консензуалната определба на сите политички партии во Република Македонија за интегрирање во Европската унија како стратешка определба за прифаќање на новите стандарди и вредности кои се докажани како единствени кои овозможуваат ефикасно и позитивно функционирање на општеството. Од денес стапуваме во договорни релации со Европската унија, со што ќе почне одбројувањето на процесот на целосно интегрирање. Веќе од оваа спогодба може да се наѕира колку ќе биде тежок овој процес од практичен аспект на квантитетот на активностите кои треба да се преземат за реформирање на системот, за хармонизација на стандардите во сите сфери во контекст на натамошно демократизирање на општеството. Значи, ни престојат реформи во доменот на натамошната демократизација на институциите, нивото и квалитетот на човековите права, приспособување на нашиот економски потенцијал кон трендовите на глобализација и интернационализација на економијата, хармонизација на нашиот правно - политички систем со западните стандарди и низа резови во сферата на социјалата, здравството итн. Ова значи дека влегуваме во фаза на делење на суверенитетот со земјите членки на Европската унија, делење на одговорностите, должностите, но и бенефициите од оваа унија, која ќе ни овозможи либерализација на границите, ќе ни помогне во натамошното подобрување на односите со нашите соседи, интегрирање на регионот кон овие стремежи, преку кои се надевам конечно ќе отпловиме од овие баришта во помирни води и ќе се усидриме во заедничко пристаниште.

Потврдувајќи ја поддршката за овој процес од една страна, а од друга страна земајќи предвид една од целите на оваа Спогодба, обезбедувањето на траен мир и целосна стабилизација на државата и регионот, земајќи ги предвид последните случувања во Република Македонија, сметам дека сега треба да најдеме сили и да ја покажеме нашата одговорност кон овој предизвик и да го направиме вистинскиот чекор кон процесот на практично интегрирање во Европската Унија.

Мислиме дека сега е моментот кога треба да покажеме дека навистина заслужуваме да бидеме дел од развиениот свет, со тоа што ќе ги отвориме сите прашања, особено во доменот на меѓуетничките релации, тема која во најекстремни аспекти се толкуваше во овие последни 10 години. Сметаме дека се создадени сите предуслови за еден коректен транспарентен и јасно дефиниран дијалог за нивно решавање во рамките на наши институции и европските мерила. Се надеваме дека првите знаци на одредени решенија од овој контекст ќе ги реализираме до одредениот рок 1 јуни, која е и определба и волја на Европската унија. Сето ова значи дека ќе ни треба многу енергија, искреност, мудрост, пожртвуваност и смелост, но земајќи предвид дека целта и стремежот е кон едно поквалитетно и побогато општество каде што постојат низа механизми за гарантирање на еднакви можности, мислам дека нема да се поштедиме што побрзо да стигнеме до заедничката цел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г. Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседател, почитувани колеги пратеници, Македонија конечно му се врати на европското семејство нации. Нашата земја и се врати на Европа како демократска Република, чии што стандарди на општите човековите, граѓанските и националните права добија историско признание со Спогодбата за стабилизација и придружување што нашата земја ја потпиша на 9 април во Европската унија, а ние денес ја ратификуваме.

Јас му придавам извонредно значење на овој документ и го сметам како признание за демократските достреli на нашата земја и нејзиниот уставен поредок. Спогодбата која со овој наш чин го започнува процесот на озаконување во парламентите во сите земји на Унијата е крупен чекор напред во зацврстувањето на државноста на Република Македонија. Ратификацијата на Спогодбата ќе го озакони нашиот Устав, нашиот политички поредок што произлегува од него како европски.

Дами и господа, почитувани колеги, Спогодбата за стабилизација и асоцијација овозможува на нашата земја економска и политичка интеграција во европското семејство на нации. Таа ќе овозможи на Македонија не само издигање на уште повисоко ниво на квалитетот на односите во општеството, како и на вкупните човекови, граѓански и национални права, туку пред се ќе и овозможи крупен исчекор напред во економскиот развој. Како придружна членка на Унијата, Република Македонија станува дел од најатрактивниот пазар во светот. Нашите производи без бариери ќе се натпреваруваат на просторот од Грција до Шведска подеднакво со светската елита.

Како придружна членка на Унијата, Република Македонија ќе започне уште веднаш со потпишувањето на времената спогодба за трговија да извезува без царини во Европа. Истовремено нашето стопанство ќе може уште 10 години да ја има превилегијата да се развива заштитена со наши македонски царини за низа европски производи на домашниот пазар.

Дами и господа, почитувани колеги, за мене Спогодбата за стабилизација и асоцијација истовремено е документ од кој произлегува зголемена одговорност за сите чинители во Република Македонија, во прв ред за граѓаните и деловните луѓе, менаџерите и работниците, но најмногу одговорност сепак ќе има за политичките претставници и партии. За сите нас со Спогодбата стапуваат на сила нови далеку повисоки политички но и економски стандарди кои ќе мора да се почитуваат и креативно да се доградуваат. Само така нашата земја ќе го забрза процесот за целосна интеграција во Европската унија како полноправна членка. Не е тешко да се осмислат и постигнат политичките стандарди кои ни ги отворија вратите во Европа. Со нивното осмислување и постигнување, меѓутоа, не завршува работата ниту одговорноста. Напротив, таа добива на тежина.

Меѓу другото, во наредниот период, Република Македонија ќе мора својски да запне до крај да ја усогласи својата законска архитектура со европската. Тоа не значи да се усогласи само законодавството, туку сите закони до еден. Но и тоа не е доволно, законите ќе мора да се применуваат.

Оттаму, сите оние што мислат дека ќе можат да продолжат по старо и да го релативизираат владеењето на правото во нашата земја се лажат, а со нив и оние што мислат дека надвор од уставните процедури ќе можат да го менуваат тој европски законик на Македонија, нејзиниот Устав и поредок.

Конечно сум уверен дека Македонија ќе стане европска нација само ако ја сфати оваа димензија на нашата зголемена политичка одговорност и согласно тоа да започнеме сите заедно, веднаш, веќе еднаш демократски да се однесуваме како слободни граѓани на македонското цивилно општество.

Ние повеќе немаме избор и тоа ме радува. Ништо помала не е задачата, која стои пред нашето стопанство. Како стопанственик можам да ви кажам почитувани колеги, дека не чека исто толку голема задача и одговорност на стопански план. Точно е дека најатрактивниот пазар ние отворен и достапен, но тој пазар во исто време е најприбирливиот пазар на светот. На него конкуренцијата е светска, со светски стандарди на производство, маркетинг и други нешта, што ние споро ги учиме. Како на пример, контролата на квалитетот, роковите, потоа најнеобичните нешта, како што се пакувањата, сигурноста, квалитетот, транспортот и слично.

Значи ние сега треба да ја искористиме шансата, како прва земја од регионот која ги добива овие доблести. Треба уште веднаш не само да ги прифатиме, туку и да ги оствариме стандардите што тој пазар ни ги бара.

Без намера да го девалвирам значењето на денешниот ден, или на

документот сносам одговорност да ве предупредам вас, како сите граѓани на Македонија дека од денеска па натаму се во наши раце. Веќе нема место за грешки, а уште помалку за правдање и вадење. Неуспехот во имплементацијата на Спогодбата на политички, или уште поважно на економски план ќе има историски импликации и ќе биде рамен на предавство.

Оттаму, конечно да се фатиме за работа и да создадеме нешто за Македонија, за да не благословат идните поколенија.

На крајот, дами и господа, почитувани колеги, дозволете ми да се заблагодариме на овој свечен миг, да им честитаме и да им се заблагодариме на членовите на експертскиот и политичкиот преговарачки тим, чија што компетентност и капацитет овозможија за четири месеци да се договори толку квалитетен документ, прифатен од сите нас и оценет како историски.

Јас ќе гласам за Европа, ќе гласам за Ратификацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, членови на Влада.

Во име на пратеничката група на СДСМ, сакам да го истакнам нашиот став дека ќе гласаме позитивно за Ратификација на Спогодбата со ЕУ, и дека со тоа практично се придружуваме во овој момент, практично, на консензуалната поддршка во Парламентот, а по наш увид очигледно, и пошироко во врска со потпишувањето на ваквата Спогодба.

Дозволете во таа насока исто така, да дадам одредени наши размислувања сосема на кратко.

Прво, јас лично отворено се прашувам зошто Владата по неколку годишни преговори со ЕУ, имаше потреба да бара Парламентот во итна процедура да го гласа Законот за ратификација. Тоа е Закон кој самата Влада и некои во неа, не само во постојната Влада и постојните министри работеле, зошто има потреба Парламентот само во рок од 24 часа да го разгледа и да го ратификува Договорот. Тоа може да значи една политичка порака, сфатена позитивно, но можеби значи и една "ноншалантност" на Парламентот од аспект на можноста да проучи што ратификува.

Мислам дека требаше да биде во редовна процедура и тоа никому немаше да му прати погрешен сигнал. Едноставно, редовна процедура со посебна точка на дневен ред ќе беше веројатно, по прифатливо. Сите истакнуваме дека оваа Спогодба е значајна за Македонија. Најголем дел од нас ја квалификуваат како историска. Јас би се придружил на она што г. Петар Гошев го кажа. Ако за Македонија е историски датум и од ваква смисла се АСНОМ, Референдумот и Уставот, за независност приемот во ОН, тогаш секако, со таква квалификација треба да биде датумот на нашето зачленување во Унијата. И дека ова треба да го сфатиме како шанса да биде историски датум, меѓутоа, се уште е далеку од историски.

Со овој Договор ЕУ практично започнува едно ново свое поглавје од начинот на кој комуницира со сите држави од Европа, кои не се членки на ЕУ. Овој е еден нов вид на договор, кој се понуди во еден формализиран договор за стабилизација и асоцијација, кој се понуди на пет држави на дел од Балканскиот простор. Ние како прва од тие пет држави го потпишуваме и ќе го третираме како класичен договор за асоцијација, иако тој претставува специфичен вид на асоцијација од сите овие држави кои ќе го потпишат, а нашата држава во меѓувреме го потпиша и се надеваме дека со една макотрпна работа на сите последователни политички органи во оваа држава, во еден подолг временски период ќе можеме да го постигнеме она што и во членот 5 се кажува, а тоа е да се постигне полна асоцијација.

Се разбира дека од самата Спогодба произлегува дека ни преостанува многу работа, не само на Владата, не само на Парламентот, туку мислам на секој оној кој што со Уставот има некакви овластувања. На сите државни органи им станува јасно дека процесот на прилагодување започнува веднаш и мислам дека нема да биде на одмет, како припадник на СДСМ, изнесениот факт на одредени членови на Владата дека 200.000 страници ќе треба да се прилагодат после оваа Спогодба, дека можеби, бројот немаше да биде 200.000 страници, ќе беше помал, доколку Владата во изминатите две години, не придонесе со неколку илјади страници погрешни закони.

Така што, ако сега ја погледнеме Спогодбата по член, ние ќе видиме дека Владата ќе има потреба од многу закони од 1998 до денеска што ги предложи во ова Собрание, согласно Спогодбата да ги ревидира. Ако одиме член по член, за жал, немаше сериозна комисиска дебата во ова Собрание тоа да можеме да го увидиме. Меѓутоа, тоа не ја намалува важноста на

Спогодбата, Владата е сега, таа е променлива, можеби утре, можеби задутре, или во редовниот рок ќе биде сменета, но она што е најбитно, државата треба да почне со еден сериозен процес на прилагодување на својата нормативна рамка на работење.

Мислам дека претстојат некои сериозни процеси и ќе можат да доживеат своја брза верификација од страна на Република Македонија.

Во таа насока, би сакал да потсетам наредните парламентарни избори, дали набрзо, или во редовниот рок, сеуште е неизвесно и небитно на крајот на краиштата, ќе бидат веројатно, првиот тест, дали во рок од десет години ние ќе можеме да ги исполниме, или во пократок рок сите критериуми. Не верувам, апсолутно не верувам дека ЕУ ќе потпише натамошни договори за наше уште поблиско приближување, се до зачленување на Македонија во ЕУ, на пример ако ние продолжиме да спроведуваме избори, кои оваа Влада ги спроведува, како што беа претседателските избори 1999 година и локалните 2000 година.

Мислам дека вакви тестови за оваа Влада ќе постојат многу и по оваа Влада за некоја друга Влада во врска со спроведувањето на Спогодбата и не е овој чин, туку токму, нејзиното спроведување натаму ќе ја покаже можноста и зрелоста на Република Македонија, заедно со ЕУ да обезбеди заедничка иднина.

Надевајќи се дека овие шанси за нас претстојат, јас не гледајќи песимистички на нив, туку гледајќи оптимистички, дека не само со наша волја, туку од сега натаму, во позитивна смисла сфатено, присила од Договорот од страна на ЕУ, за исполнување на сите вакви критериуми, Македонија ќе добие нова шанса и дека тоа ќе ни овозможи на сите нас, во идните десет години да се развиваме подобро, па евентуално, ако сето тоа го постигнеме во пократок рок, ќе ни се овозможи и покрај тоа што го предвидуваме во членот 5 да разговараме за полноправно членство на Република Македонија.

Заради сето ова, пратеничката група на СДСМ, а за тоа и понапред се изјасни, ќе гласа за ратификацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г. пратеник Никола Поповски.

За збор се јави г. пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине претседателе, почитувани колеги, доаѓајќи тука неколку луѓе ми рекоа да бидам краток. Еве јас во таа насока навистина ќе ги исполнам тие желби. Сакам да кажам дека една десетгодишна наша желба веќе полека почнува да се реализира во животот, а тоа значи да се приближуваме кон ЕУ.

Меѓутоа, и покрај тоа што човек се чувствува пријатно, за едни такви настојувања, по една деценија, еве почнуваат некако да вродуваат плод. Ние мораме да бидеме реални дека тоа не значи дека сме веќе во ЕУ, тоа не значи дека од утре ќе потече “Мед и млеко" туку мора да очекуваме, со едни огромни напори, со едни огромни настојувања да се исполнат условите, еднаш Македонија да влезе во таа ЕУ. Навистина, со оваа Спогодба се отвара еден голем пазар. Меѓутоа, на тој пазар треба да има да се понуди стока. Македонија за сега ја нема. Ја нема, затоа што и она стопанство што го имаше, веќе во голема мерка го нема.

Од друга страна, нашето стопанство, нашата економија, ја доведуваме во конкурентна улога со силната ЕУ. Според тоа, оваа Спогодба бара и многу откажувања и многу напори и многу ризици. Затоа е потребно да се формира едно високо стручно тело, кое ќе предложи како и со какво темпо ќе се реализира и на тој начин оваа Спогодба.

Ако ние не обезбедиме за овој период силен економски развој и да го доведеме стопанството во конкурентна положба во однос на западната економија, ние ќе претрпиме голем колапс.

Според тоа, да завршам, оваа Спогодба ни отвора врата и излез кон Европа, а дали ние ќе ги искористиме тие можности, ќе зависи од нас, од нашето знаење, од нашата умешност.

Ние како Социјалистичка партија уште од 90-тите години се залагавме во оваа насока работиме и настојуваме да влеземе во ЕУ и затоа денеска тоа ние е задоволство што имаме еден почеток во таа насока.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г. пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

Има уште двајца пријавени пратеници.

Дали тие се повлекуваат за да завршиме. Тие знаат кои се.

Господинот Слободан Даневски се повлекува.

За збор се јавува г. Мевљан Таири.

Да го ислушаме г. пратеник Мевљан Таири и да завршиме.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, се надевам дека нема да го нарушам предвидениот протокол, со тоа што ќе земам неколку минути да го искажам своето мислење во однос на денешната ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ и нејзините земји членки.

Се разбира, сакам да кажам неколку збора, во прилог на нашите размислувања, кои би биле тие неопходни чекори, со кои нема ништо да се наруши во нашиот од, кон интегрирањето на Република Македонија во ЕУ.

Како и до сега што беше консензуално одлучувано од сите политички субјекти, политички партии учесници во политичкиот живот, оваа Спогодба консензуално е поддржана и нема некои забелешки во однос на целите кои се наметнати на Република Македонија за интеграција во ЕУ.

Секако дека некои имаа поинакви видувања и забелешки, во однос на тоа како ќе се одвива целиот овој процес. И покрај оптимизмот кој провејува дека навистина, Република Македонија оди по вистинскиот пат и ги превзема вистинските чекори да обезбеди полноправно членство во догледно време во ЕУ, сепак некои работи, барем гледано од страна, не изгледаат така оптимистички.

Би сакал да обрнам внимание на начинот на кој што ќе се води дијалогот. Имено, пред се, имам забелешка на почетокот на претседателот на Републиката, кој треба да биде промотор и кој треба да го води овој дијалог. Мислам дека на начинот на кој во Женева настапи, нас пратениците албанци и како граѓани на Република Македонија, не остави многу простор да се надеваме на нешто добро, во дијалогот кој што ќе се спроведува под негова "диригентска палка".

Во оваа смисла, мислам дека конечно треба да се прифати, да се тргне тој вели кој полека но сигурно се спушта над албанското население, дека се работи за едно расистичко однесување, за дискриминација, а истата работа не се гледа од другата страна, бидејќи навистина во последно време, особено во постконфликтниот период, албанците имаат многу причини да бидат незадоволни, од начинот на кој полицијата сега се справува со целата криза, откако заврши воениот конфликт.

Во таа насока, мислам дека навистина треба да се направат сериозни напори да се избегнат овие "замки" кои што полека но сигурно влегуваат органите на безбедноста, пред се, полицијата и војската и другите органи кои што се надлежни за справување со оваа ситуација.

Како втора забелешка, која што би сакал да ја искажам, во однос на начинот со кој се создава таа атмосфера, пред влегувањето во еден интензивен дијалог, кој што треба да уследи се едни бариери кои што се поставуваат во однос на тоа, во кои рамки треба да се одвива овој дијалог.

Мислам дека дијалогот, доколку се одвива по тие шеми е бесцелен, затоа што со поставувањето на тие рамки, не може да се разговара за Уставот, односно може да се разговара за една, две, три или четири теми, за кои некој мисли дека се прифатливи, а се друго е апсолутно однапред квалификувано како само можност да се разговара, но без некоја спремност да се навлезе во решавањето на истите, тоа сметам дека не е некој придонес за успешно окончување на дијалогот, а тоа на некој начин ќе биде и предуслов успешно да се заврши овој од на Република Македонија кон полноправно членство во ЕУ.

На крајот да кажам дека сепак, јас и сите ние се надевам дека ќе гласаме за оваа Спогодба, и се надевам дека од одредени изјави на високи функционери, државни функционери ќе реферираат, ќе се повлечат и ќе бидеме сведоци на еден ефектен дијалог, кој што успешно ќе заврши со надминување на постојните проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Тогаш, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, јас бев пријавен за учество во општата расправа, а незнам од кои причини претседателот тоа не ми го овозможи, меѓутоа, имам деловничко право во рамките на пет минути да се изјаснам како ќе гласам за овој закон.

Не зависно од тоа што оваа Спогодба во некој елементи битно се разликува од спогодбите со кои што од останатите држави од Централна и Источна Европа, се стекнаа со статусот на придружна членка, јас ќе гласам за Законот за ратификација на Спогодбата.

Со Ратификацијата на оваа Спогодба од страната и на сите останати потписнички, односно со нејзиното стапување на сила се завршува една битна фаза од овој најголем проект на надворешно политички план на Република Македонија и се отвора вратата за полноправно членство во Европската унија.

Ние, овој ден го чекаме со години. До овој настан поминавме еден тежок, долг и трнлив пат. А, дали патот што треба да го доодиме ќе биде, можеби, уште потежок и уште подолг, пред се ќе зависи од нас, гледајќи и објективно и субјективно. Ние немаме право на грешки во чекори и затоа, прво треба да ги погледнеме искуствата на оние кои го изодеа овој пат или на оние кои сеуште чекорат по овој пат, но со чекори од "7 милји".

Второ, без емоции, без еуфорично расположение ние мора да и ја дадеме вистинската историска димензија, на оваа Спогодба. Ние мора да ги преземеме сите обврски што произлегуваат од Спогодбата и мора што порано да ги создадеме сите потребни предуслови за да може да ги исполниме тие обврски. А, тоа, пред се подразбира целосна мобилизација на сите потенцијали со кои располага државата. Од првата иницијатива на Моне и Шуман за формирање на првата заедница за челик, до создавањето на денешната Европска унија на овој најголем проект на надворешно - политички план на обединета Европа, работеа не само поединци, не само една партија, не една Влада. Работеа многу генерации, работеа сите политички субјекти, сите влади, во сите нејзини земји членки.

Според тоа, ако сакаме да постигнеме успеси и да го реализираме овој проект од највисоко стратешко значење за Република Македонија, мора да се угледаме на тие институции и мора да ги мобилизираме скитe потенцијали со кои што располага оваа држава.

Затоа би сакал да укажам на еден дел од излагањето на премиерот Георгиевски, дека и овој проект на Република Македонија може да се изнесе успешно на грб ако во него работат сите политички субјекти, сите потенцијали ако се мобилизираат и дека тоа може да биде дело не само на една политичка партија, на една Влада, на повеќе политички или на сите политички партии или на сите влади, затоа што треба да се знае дека активностите за воспоставување на првото ниво на односи, а тоа се дипломатските односи, ги почна уште првата Влада по осамостојувањето. Одлуката ја донесе втората или првата политичка Влада на Бранко Црвенковски. Дипломатски односи се воспоставија за време на втората политичка Влада на државата. Се потпиша Спогодбата за трговска и економска соработка за време на третата Влада на Бранко Црвенковски. Комитетот за Евроатлански интеграции се формираше во 1997 година од претходните влади. Поткомитетот за европски интеграции се формираше 1997 година. Одделенијата 1997 година. Вашата Влада ѓи почна преговорите за потпишување на оваа Спогодба, но во еден поинаков состав. Парафирањето дојде во овој состав. Потпишувањето дојде во овој состав.

Сакам да укажам на следното, ако продолжиме со политиката "се почнува и завршува со мене", "се почнува со мене и со мојата партија", "се почнува и завршува со една Влада", или нема да стигнеме никаде или нема да стигнеме далеку или нема да стигнеме таму каде што веќе пристигнаа голем дел од земјите со кои што сакаме заедно да работиме, со кои што сакаме заедно да живееме во обединета Европа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам на господинот Ханџиски.

Господинот Амди Бајрам се повлече.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се повлекувам затоа што присуствував на свечениот чин таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се пријавува, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам да гласаме.

(По објавувањето на резултатите од гласањето на мониторот, пратениците аплаудираат).

Молам, да констатираме дека од 100 пратеници кои гласале, 100 пратеници гласале "за", ниту еден пратеник не гласал воздржано, ниту еден пратеник не гласал против.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата на стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 73-та седница на Собранието на Република Македонија.

На сите пратеници и на сите граѓани кои го слават големиот Христијански празник Велигден им го честитам.

Ве повикувам на прием, а нема да продолжиме, почнуваме со велигденските празници.

(Седницата заврши со работа во 13,45 часот).